РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1928/3
28-10-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1928/1 од 15.07.2024 година, во која се изнесени наводи против ----- -------- приватна лиценцирана компанија за сметководство, финансиски и даночен консалтинг, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1928/1 од 15.07.2024 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 15.07.2024 година, поднесена е пријава против ----- -------- приватна лиценцирана компанија за сметководство, финансиски и даночен консалтинг, при што оформен е предмет број 12-1928/1 од 15.07.2024 година.

Во пријавата се посочува за нанесена лична штета и повреда од индивидуално право на правниот субјект ------- -- ----- ДООЕЛ од Скопје, поради погрешно корегирани завршни сметки од страна на пријавената ----- -------- приватна лиценцирана компанија за сметководство, финансиски и даночен консалтинг, со кое што дејствие бил предизвикан негативен ефект врз предметниот субјект при што истиот бил оневозможен да аплицира на повикот за Ко финансирани грантови за комерцијалзизација на иновации согласно критериумите за апликација односно дставување на прилог од завршни сметки без загуба од последните две години. Се посочува дека за пропустот било навремено укажано така што од повторениот увид

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

од страна на овластено лице - сметководител утврдена била корекција само на завршната сметка за 2023 но не и целосна корекција на сметката за 2022 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека истите се однесуваат на приватно правно лице кое не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а преземените дејствија од негова страна не се во надлежност на постапување на ДКСК, по што оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата